ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-182/4
21.09.2026 год
ВЕЛЕС

До
Единици на локална самоуправа, релевантни институции и други заинтересирани страни од Вардарски плански регион

**Предмет:** Покана за учество на регионална јавна расправа по Нацрт-просторниот план на Република Северна Македонија 2021–2040

Почитувани,

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за планирање на просторот, Ве поканува да земете учество на **регионалната јавна расправа по Нацрт-просторниот план на Република Северна Македонија 2021–2040**, која за Вардарскиот плански регион ќе се одржи на ден 29.09.2026 година (вторник).

Регионалната јавна расправа се организира во рамки на постапката за изработка и донесување на Просторниот план на Република Северна Македонија 2021–2040, со цел обезбедување на пошироко учество на единиците на локалната самоуправа, институциите, економските субјекти, стручната и научната јавност, граѓанските организации, како и другите заинтересирани и засегнати страни во разгледувањето на предложените плански решенија.

Регионалниот пристап овозможува Нацрт-просторниот план да биде претставен поблиску до локалните заедници и да се обезбеди непосредно учество на општините и на останатите заинтересирани и засегнати страни од Вардарскиот плански регион.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ЈАВНАТА РАСПРАВА

**Датум:** 29 септември 2026 година
**Место:** Голема сала на Општина Велес
**Регистрација на учесници:** 11:30 часот
**Почеток:** 12:00 часот

На јавната расправа, Министерството за жвотна средина и просорно планирање и Агенцијата за планирање на просторот ќе извршат презентација на Нацртот на Просторниот план на Република Северна Македонија 2021–2040.

По презентацијата ќе биде овозможена дискусија и непосредно учество на присутните преку поставување прашања и изнесување мислења, предлози и забелешки во однос на предложените плански решенија.

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Шефки Сали бр.4 1400 Велес*
*Тел:043/615-353*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Материјалите од Нацрт-просторниот план се јавно достапни на веб-страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање, во делот „Планови“:

https://www.moepp.gov.mk/mk-MK/dokumenti/planovi

Заинтересираните институции, организации, правни и физички лица, покрај непосредното учество на јавната расправа, имаат можност да достават и писмени мислења, предлози и забелешки во врска со Нацрт-просторниот план на следните електронски адреси:

n.rexhepi@moepp.gov.mk
s.furnadziska@moepp.gov.mk
d.gadzovski@moepp.gov.mk

Со оглед на значењето на Просторниот план на Република Северна Македонија 2021–2040 за идниот просторен развој на државата и за развојот на локалните заедници, **Ве покануваме активно да учествувате на јавната расправа**, преку присуство, поставување прашања и доставување на мислења, предлози и забелешки од значење за единицата на локалната самоуправа.

Воедно, Ве замолуваме информацијата за одржувањето на регионалната јавна расправа, како и линкот до материјалите од Нацрт-просторниот план, да ги проследите и објавите преку Вашите веб-страници и други расположливи информативни канали, како и да ги информирате релевантните јавни претпријатија и установи, економски субјекти, деловни и стручни здруженија, научни и стручни институции, организации на граѓанското општество и други заинтересирани и засегнати страни од Вашата општина.

Вашето учество и придонес се од особено значење за обезбедување на инклузивен и транспарентен процес на разгледување на предложените плански решенија и за нивно соодветно согледување од аспект на потребите и приоритетите на локалните заедници.

Ве очекуваме на регионалната јавна расправа. Ве молиме да потврдите присуство на учесници.

**Во прилог:**
- Агенда

Со почит,

Центар за разво на Вардарски плански регион
В.д. Директор
Зоран Јаневски

**АГЕНДА**
**Регионална јавна расправа**
**по Нацртот на Просторниот план на Република Северна Македонија 2040**
**Вардарски плански регион**

**Датум:** 29 септември 2026 година
**Време:** 12:00 часот
**Место:** Големата сала на општина Велес

**11:30 – 12:00 (30 мин.)**
Регистрација на учесниците

**12:00 – 12:05 (5 мин.)**
Отворање на јавната расправа и кратко запознавање со агендата
*Модератор – МЖСПП*

**12:05 – 12:20 (15 мин.)**
**Воведни обраќања**

- Директорот на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион
- Министер / заменик-министер / државен секретар
- Претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија
- Директорот на Агенцијата за планирање на просторот

**12:20 – 12:30 (10 мин.)**
**Презентација на Нацртот на Просторниот план на Република Северна Македонија**
МЖСПП

**12:30 – 13:30 (60 мин.)**
**Презентација на Нацртот на Просторниот план на Република Северна Македонија**
Агенција за планирање на просторот

Презентацијата да биде насочена кон:
- основните цели и концептот на Просторниот план;
- клучните плански решенија од национално значење;
- позначајните просторни развојни прашања и решенија што се однесуваат на Југоисточниот плански регион;

**13:30 – 13:45 (15 мин.)**
Кафе пауза

**13:45 – 14:30 (45 мин.)**
**Јавна дискусија**
Прашања, мислења, предлози и забелешки од присутните.

**14:30**
Завршување на јавната расправа